Република Македонија

ОПШТИНА БИТОЛА

Бр.08-1390/2
13.12.2016

Почитувани граѓани,

Општина Битола и оваа година во пресрет на Новогодишните и Божиќните празници објавува конкурс за избор на „Најубав новогодишно украсен простор“. Заинтересираните граѓани, правни и физички лица кои сакаат да се натпреваруваат за најубаво, најкреативно и најинтересно новогодишно украсување можат да се пријават на телефонскиот број 047208339 од 08.30 до 16.00 часот секој работен ден во периодот од 15.12 до 28.12.2016 година.

Фотографиите од украсените објекти, заедно со податоците за сопствениците (контакт телефон и адреса) учесниците можат да ги достават на интернет адресата contact@bitola.gov.mk или во архивата на општина Битола на адреса: Општина Битола, Булевар 1 Мај бр.61 со назнака за конкурсот за избор на „Најубав новогодишно украсен простор“.

Наградите и оваа година ќе се доделуваат за три категории:

- Најубаво новогодишно украсени куќи и дворови
- Најубаво новогодишно украсени станбени згради и балкони
- Најубаво новогодишно украсени институции и угостителски објекти

Наградите и признанијата на најуспешните ќе им ги додели Градоначалникот на општина Битола, д-р Владимир Талески.

Сектор за административни,
правно – нормативни и општи работи

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 356 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk
www.bitola.gov.mk